# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

30 Јануари 2020 година, Гевгелија Број 1 Година XXXIX

Врз основа на член 44 став (3) и (4) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.),Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Гевгелија**

1.На **Петар Јанчев**, член на Советот на општина Гевгелија, му престанува мандатот на член на Советот на општина Гевгелија, поради поднесување на оставка заради вработување во општинската администација на општина Гевгелија, сметајќи од 30.12.2019 година како ден на вработување.

2.Примерок од Решението за констатирање престанок на мандатот да се достави до членот на Советот и до Општинската изборна комисија од Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-229/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2020 година, разгледувајќи го Предлог-Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандати, го донесе следново

**РЕШЕНИЕ**
**За верификација на мандат на член на Советот на општина Гевгелија**

1.Се верифицира мандатот на членот на Советот на општина Гевгелија, **Александра Кочева**, од листата на кандидати на коалицијата предводена од Социјал-демократски сојуз на Македонија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-230/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр. 25/06, 8/10 и 18/14 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.1..2020 година, донесе

# ПРОГРАМА
## За финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2020 година

### 1. Вовед

Со Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2020 година, се утврдуваат нејзините цели и активности и висината на средствата за нивно финансирање.

Програмата ги дефинира целите на културананата политика на Општина Гевгелија кои треба да ги исполнат носителите на културните активности, односно, тие да се во функција на културниот развој на општината во 2020 година.

Со цел програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни културни содржини кои ќе ги одразат јавните потреби на општината во областа на културата, Градоначалникот на Општина Гевгелија распиша Конкурс за финансирање на програми и проекти во областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2020 година.

Со оваа Програма, врз основа на критериумите за финансирање на програмите и проектите, се утврдуваат активностите кои ќе бидат финансирани со програмата и висината на средствата за нивна реализација.

### 2. Цели

Основна цел на Програмата е, покрај дејноста на општинските културни установи, да се поттикнат и поддржат и други активности за негување на фолклорот, обичаите, вредностите својствени за традицијата на нашето поднебје, организирањето на културните манифестации и разновидни специфични творби на творештво преку:

- да обезбедуваат богат, квалитетен и разновиден културен живот на ниво на општината;
- чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство;
- поттикнување и афирмирање на културните разноликости на припадниците на етничките зедници;
- достапност на културните добра и вредности до граѓаните;
- иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата;
- континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за општината;
- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
- афирмирање и поддршка на млади уметници и автори (до 35 години),
- развивање на младинската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, уметност на новите медиуми и литература (книга/стрип албум/графичка новела);
- развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, уметноста на новите медиуми и литературата книга/стрип албум/графичка новела;
- поддршка и развивање на традиционалните културни вредности;
- воспоставување на соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни културни установи од општината, национални установи, граѓански организации, образовни институции и други организации;
- одбележување јубилејни настани и значајни датуми;
- промоција и афирмација на нови уметнички форми и изрази;

- организирање на меѓународни фестивали што се одржуваат во Општина Гевгелија;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конференции и дебати;
- изведба на едукативни работилници за деца и млади, за наставничкиот кадар од основните и средните училишта, лицата со посебни потреби, со цел потикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата и младите и лицата со посебни потреби;
- вклученост на повеќе субјекти и финансирање од повеќе извори;

### 3. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година.

### 4. Распоредување на финансиските средства

| Ред. бр. | Предлагач на проектот | Име на програмската активност | Одобрени средства од буџетот на општина Гевгелија |
|---|---|---|---|
| 1. | Културно-уметничко друштво „Танец"- Миравци | 1. Манифестација „Ѓура Мара 2020"<br>2. Учество на Меѓународен фестивал во Изник, Р. Турција<br>3. Учество на Меѓународен фестивал „Црноморски вечери" во Р. Бугарија<br>4. Набавка на музички инструмент тапан | 150.000,00 |
| 2. | Ансамбл „Бојмија"- Гевгелија | 1. Новогодишен концерт „Да не правиме разлика- да ги поддржиме децата со посебни потреби"<br>2. Учество на меѓународни фестивали во Хрватска и Босна и Херцеговина<br>3. Годишен концерт „Традицијата не обединува"<br>4. Изработка и презентација на машка народна носија од регионот Пијанец | 170.000,00 |
| 3. | м-р Глигор Гелебешев | Меѓународен натпревар за млади пијанисти- Гевгелија | 80.000,00 |
| 4. | Здружение на слепи- Гевгелија | „Вешта жена" | 10.000,00 |
| 5. | Стефан Марковски, Гевгелија | Превод и KDP објава на роман „Еретички писма или | 10.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Наоѓајќи ги небото што сјаат црвено“ на англиски | |
| 6. | Здружение Културно-уметничко друштво „Негорци“- с. Негорци | 1. Редовна работа на КУД „Негорци“<br>2. Учество на Фестивал во Градишка<br>3. Учество на Фестивал во Кранево, Бугарија<br>4. Учество на Фестивали во Италија | 150.000,00 |
| 7. | Здружение „Внимание“- Гевгелија | 1. „Европорта Фест“- Гевгелија<br>2. Детски музички фестивал „Распеани дечиња 2020“ | 50.000,00<br>50.000,00<br>**100.000,00** |
| 8. | Апостол Митров- Ацо Зијан, Гевгелија | Аудио запис и видео спот за песна „Ода за Гевгелија“ | 100.000,00 |
| 9. | Викторија Јованова, Гевгелија | Печатење и промоција на книга „Луна 2“ | 10.000,00 |
| 10. | ЗЛУКТ АРТ ЕКВИЛИБРИУМ, Гевгелија | Мултимедијален Арт фестивал „Бош 12“ | 100.000,00 |
| 11. | Здружение „Мултимедиа центар“- Гевгелија | Мултимедијална изложба | 15.000,00 |
| 12. | ЗГ МИНИМАЛ АРТ КЛУБ, Миравци, Гевгелија | ЅУНИЦА-летен фестивал | 60.000,00 |
| 13. | Здружение Културно-уметничко друштво „Браќа Толеви“- с. Прдејци | 1. „Заедно можеме повеќе“- заеднички концерт со деца со посебни потреби<br>2. Одбележување на 10-годишна соработка со КУД „Грозд“-Александровац, Р. Србија<br>3. Фолклорни смотри „Мајски дружења“ | 100.000,00 |
| 14. | ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија | 1. Априлијада<br>2. Гевгелија денс<br>3. Дедо Мраз пак кај нас<br>4. Меѓународен фолклорен, ревијален фестивал<br>5. Групна изложба „Приказни-прекривки“<br>6. Самостојна изложба на Александар Јанев,<br>7. Работилница за фотографија | 150.000,00 |
| 15. | ЗГ „Од станица до граница“- Гевгелија | Интернационален фестивал „АртФест“- Гевгелија | 100.000,00 |
| 16. | Тони Аврамов, Гевгелија | 1. Книга за деца „Чудесната земја Кајкај“ | 10.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Стефчо Стефанов, Гевгелија | 1. Публикација и промоција на книга „Ај шо лафиш“- лексикон на фрази од гевгелискиот дијалект<br>2. Реиздавање на книга „Гевгелилексикон“- лексикон на зборови од гевгелискиот дијалект | 10.000,00<br>10.000,00<br>**20.000,00** |
| 18. | Здружение на граѓани „Тера“- Гевгелија | „Смоквијада 2020“ | 300.000,00 |
| 19. | Дејан Малзарков, Гевгелија | Снимање на хумористични видео-клипови и изведување на театарски претстави | 20.000,00 |
| 20. | Вангел Срнаков, Гевгелија | Групна изложба на слики „Plastic“ | 20.000,00 |
| 21. | Димитар Новаков, Гевгелија | 1. Групна изложба на фотографии „Зајдисонца 3“<br>2. Групна изложба на фотографии од Гевгелија | 15.000,00<br>15.000,00<br>**30.000,00** |
| 22. | ЗГ „Дон Кихот“- Гевгелија | 1. Тетатрска претстава „Дома“ од Људмила Разумовскаја | 50.000,00 |
| 23. | Дамјан Ѓуров, Гевгелија | Изложба на скулптури „Камено-метално време и клин“ | 10.000,00 |
| 24. | Наташа Линкова, Гевгелија (Меглена Лазарова) | Учество на Државен и Меѓународни натпревари на млади музичари, целовечерен концерт во Гевгелија, купување на професионална флејта | 10.000,00 |
| 25. | ЗГ Музички и балетски педагози „ЛЕГЕ АРТИСТ“- Гевгелија | 1. Регионални хорски смотри „Тома Прошев“<br>2. Концерти на класична музика во Гевгелија | 30.000,00 |
| 26. | Градски мешан хор „Гортинија“- Гевгелија | 1. Меѓународен натпревар на хорска музика- Римини, Италија<br>2. Премиерна изведба на вокално-инструментално дело<br>3. Времепплов на мак. хорска музика (едукативен проект) | 180.000,00 |
| 27. | ЗГ „Музички моменти“- Гевгелија | Музички моменти Гевгелија | 10.000,00 |
| 28. | КУД „Распеани Гевгеличани“ | 1. Учество на Фестивал на старогардски песни во Струмица и Валандово<br>2. Учество на Фестивал на староградски песни „Илинденски денови“- Битола | 40.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 3. Учество на староградски средби во Радовиш<br>4. Настап на „Дојрански ракувања“<br>5. Учество на фестивал „Охридски староградски средби“- Охрид<br>6. Меѓународен фестивал „Пеј срце“- Ќустендил, Р. Бугарија | |
| 29. | ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија | Балетска претстава „Црвенкапа“ | 40.000,00 |
| 30. | Дом на култура- Гевгелија | 1. „Мојот шарен детски свет“<br>2. Поетско-музичка вечер „За тебе љубов моја“<br>3. Документарен филм „Лазаренките од етничкиот предел Бојмија“<br>4. Ревија на народни носии од фундусот на Ансамблот „Бојмија“- Велигденска манифестација | 150.000,00 |
| 31. | ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија | 1. Фестивал на поетска фузија „Зорници“<br>2. МЕТРИЧКИ КАРВАН 7 Гевгелија-Прилеп<br>3. Издавање на книга „Село Смоквица- минато и сегашност“ од Ристо Стамков | 30.000,00<br>40.000,00<br>10.000,00<br>**80.000,00** |
| 32. | Филип Динев, Гевгелија | Filip Dinev Trio- Szvetlo- аудио-визуелен албум од областа на џез музиката | 10.000,00 |
| 33. | Стојан Бучков, с. Негорци, Гевгелија | Видео-запис на музичката нумера „Вечни Сонувачи“ | 10.000,00 |
| 34. | ЗГ „Чејнџмејкерс“- Гевгелија | Хуманитарен концерт „И ние постоиме“ | 30.000,00 |
| 35. | „Урбана бригада“- Гевгелија | Графити фестивал Next level n6 (Хип хоп настап, креативно-уметничка работилница) | 20.000,00 |
| 36. | Георге Костовски, Гевгелија | Монографија „Мал фудбал ЕСПЕРО 63“ | 10.000,00 |
| 37. | Универзитет Гоце Делчев-Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика Гевгелија | Поттикнување на развој на алтернативни форми на туризмот во општина Гевгелија | 50.000,00 |
| 38. | Активности во Народен театар Гевгелија | 1. Тетарска претстава за деца „Мачорот во чизми“ | 550.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2. Театарска претстава за возрасни „Умри машки“<br>4. Фестивал на комедија<br>5. Театарска претстава за деца „Годишни времиња“<br>6. Театарска претстава за возрасни „Љубомората на Барбуј“ | |
| 39. | Одбележување на Спасовден, 7-ми Ноември и други настани | | 700.000,00 |
| 40. | Други активности | | 315.000,00 |
| 41. | **вкупно** | | **4.000.000,00** |

За активностите од областа на културата кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе се појават во текот на 2020 година и се од општ интерес за општината, Советот на Општина Гевгелија ќе изврши дополнување на истата.

**5. Завршни одредби**

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма, треба да поднесат извештај до Советот на Општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е градоначалникот на Општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-231/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 22-а од Законот за спорт ("Службен весник на РМ" бр. 29/02, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 год.) и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр. 25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.1.2020 година, донесе

## ПРОГРАМА
### За финансирање на спортските активност во Општина Гевгелија за 2020 година

Со оваа Програма се планираат активности на Општина Гевгелија во областа на спортот и средствата за финансирање на истите за 2020 година.

## 1. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа програма е обезбедување услови и превземање системски мерки за поддршка на спортот, односно спортисти, спортски клубови, спортски сојузи и (традиционални) спортски маниферстации, финансиски ќе поддржува организирање на активности за развој и унапредување на:

- традиционалните спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер;
- програмите, проектите и активностите на сите заинтересирани спортски субјекти кои ќе доставаат програми и проекти за организирање на манифестации и спортски настани од особен интерес за општина Гевгелија;
- програмите, проектите и активностите на спортисти-аматери, учениците во основните и средното училиште на подрачјето на општина Гевгелија
- спортско рекреативните активности на лица со посебни потреби;

## 2. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирање на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година.

## 3. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

| Ред. бр. | Предлагач на проектот | Име на програмската активност | Одобрени средства од општинскиот буџет |
|---|---|---|---|
| 1. | Спортски клуб „Ј. Јосифовски“- Гевгелија | Натпревари помеѓу УСК<br>Училишни натпревари<br>Велосипедизам<br>Планинарење | 40.000,00 |
| 2. | ФК „Вардар-Прдејци“, Гевгелија | 1. Учество на општинска фудбалска лига<br>2. Учество на турнири во мал фудбал<br>3. Обнова на опрема, одржување на терен, награди<br>4. Поттикнување на спортски активности кај деца и млади (обуки) | 30.000,00 |
| 3. | Фудбалски клуб „Кожуф“- Гевгелија | 1. Првенство во втора македонска фудбалска лига Исток<br>2. Пионерска младинска школа<br>3. Трошкови за одржување, котизација | 2.700.000,00 |
| 4. | СК „КОЖУФ-ЗЕЛЕН БРЕГ“, Гевгелија | Државно првенство на параглајдеристи за слетување во цел | 30.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | ЗГ ЖРК „Ветерани Југ“- Гевгелија | 1. Тренинзи во спортска сала во Гевгелија<br>2. Балканска лига на ветерани | 50.000,00 |
| 6. | ЗГ „Митко Ќаев- Баче- с. Богородица, Гевгелија | Меморијален турнир во мал фудбал „Мирче Костов“- Богородица, 2020 | 40.000,00 |
| 7. | Училишен спортски клуб „Владо Кантарџиев“- Гевгелија | 1. Школа за футсал (основни училишта)<br>2. Фудбалска школа (основни училишта)<br>3. Школа за кошарка (основни училишта)<br>4. Школа за ракомет (основни училишта)<br>5. Школа за одбоја (основни училишта)<br>6. Крос<br>7. Излети во природа<br>8. Учество во зонски, регионални и државни лиги во футсал, кошарка, ракомет, одбојка и државни натпревари во атлетика, тенис, пинг-понг (основни)<br>9. Зонско-меѓузонски лиги | 30.000,00 |
| 8. | Карате клуб „Амор“- Гевгелија | Домашни и меѓународни натпревари | 20.000,00 |
| 9. | ЗГ Тениски клуб „Круна“- Гевгелија | „Ајде да играме тенис“ | 40.000,00 |
| 10. | Здружение на слепи лица- Гевгелија | Регионален шаховски турнир за слепи лица | 10.000,00 |
| 11. | ФК „Зорбас Победа“, Мрзенци | Натпревари во општинска лига | 30.000,00 |
| 12. | Ракометен клуб „Партизан-2016 Спорт“- Гевгелија | 1. Натпреварувачка сезона во Прва машка ракометна лига<br>2. Натпреварувачка сезона во машка пионерска лига<br>3. Јуниор куп-југоисток | 500.000,00 |
| 13. | Женски ракометен клуб, Гевгелија | Натпревари во Супер женска ракометна лига, КУП натпревари, натпревари во женска кадетна лига | 500.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | ЗГ „МИСТИК ДЕНС“- Гевгелија | 1. Тековни трошоци<br>2. Меѓународен танцов натпревар, Пловдив<br>3. Меѓународен натпревар, Скопје опен 2020<br>4. Меѓународен натпревар Macedonia open 2020<br>5. Годишен концерт- Мистик денс шоу 2020<br>6. Меѓународен танцов натпревар Бар, Црна Гора<br>7. Меѓународен натпревар Нови Сад<br>8. Новогодишен флешмоб | 40.000,00 |
| 15. | ЗГ „АТАЛАНТА“- Гевгелија | 1. Учество на државно натпреварување во гимнастика<br>2. Тековни трошоци | 20.000,00 |
| 16. | ЗГ „ЕСПЕРО-2019“ | Новогодишен турнир во мал фудбал ЕСПЕРО 2020 | 300.000,00 |
| 17. | ЗГ Мото-клуб „Ретки птици“- Гевгелија | 1. Ендуро рели Кожуф 2020<br>2. Мото собир<br>3. ФИМ-рели Италија 2020<br>4. Независност на РМ, 8 Септември | 40.000,00 |
| 18. | Планинарски спортски клуб „Кожуф“- Гевгелија | Спортски форум Физичка активност, спорт и туризам | 100.000,00 |
| 19. | Планинарски спортски клуб „Двете уши“- Гевгелија | 1. Планинарска акција од републички карактер: Смрдлива вода- Исирова пресека- Натсрешница- Врв Сува РУПА- Врв Мала Рупа<br>2. Годишна програма | 70.000,00 |
| 20. | Тодор Анчев, Гевгелија | Учество на трки | 20.000,00 |
| 21. | „АКВАСПОРТ ГЕВГЕЛИЈА“, Гевгелија | 1. Крапска дружба „Паљурци 2020“ | 10.000,00 |
| 22. | Отворени забавни фудбалски школи | Отворени забавни фудбалски школи 2020 | 30.000,00 |
| 23. | Општински фудбалски сојуз, Гевгелија | Функционирање на ОФС Гевгелија | 30.000,00 |
| 24. | Емил Сламков за Тина Сламкова, Гевгелија | Гевгелија сака и игра тенис | 20.000,00 |
| 25. | Љубиша Грујиќ за Александар Грујиќ | Учество на државни и интернационални турнири | 20.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | во тенис до 12 и 14 години | |
| 26. | Зорица Лозановска за Слободанка Лозановска, Гевгелија | Гевгелија на мапата на тенисот | 20.000,00 |
| 27. | КК „ПРИМА БАСКЕТ", Гевгелија | Натпревари во младинска лига | 20.000,00 |
| 28. | ЗГ Атлетски клуб „7 Ноември"- Гевгелија | 1. Натпреварување во домашни и меѓународни трки<br>2. Организирање седмоноемвриска трка | 60.000,00 |
| 29. | Здружение КМФ „Млади", Миравци | 32 Меморијален турнир во мал фудбал КМФ Миравци | 100.000,00 |
| 30. | ФК „Партизан-2015", Моин | Натпревари во општинска лига | 50.000,00 |
| 31. | Друштво за спортски дејности КК „Кожув" АД Гевгелија | 1. Сениори-кошаркарско првенство (супер лига)<br>2. Сениори- Куп на Македонија<br>3. Младинска лига М-18<br>4. Младинска лига М-16 | 3.700.000 |
| 32. | Карате клуб „Гевгелија" | 1. Турнир „Д. Кически"<br>2. Балканско првенство за деца<br>3. Државно првенство за деца<br>4. ЛОРД куп<br>5. Летен семинар<br>6. Клубски турнири<br>7. Европско првенство | 20.000,00 |
| 33. | Други активности | | 310.000,00 |
| 34. | **Вкупно** | | **9.000.000,00** |

За активностите од областа на спортот кои не се опфатени со оваа програма а ќе се појават во текот на 2020 година, и се од општ интерес за општината, Советот на општината ќе изврши дополнување на истата.

Одржувањето и изградбата на спортски објекти е предвидено во Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Гевгелија за 2020 година.

**4. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПОДДРЖУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ**

Освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на Општина Гевгелија, спортските манифестации ќе ги поддржување и помага со:

- Покровителство
- Доделување награди, признанија и пригодни подароци.

5. **ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма, треба да поднесат извештај до Советот на Општина Гевгелија

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на Општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-232/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.) и член 38 став (1) точка 44, а во врска со член 143 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2020 г., донесе

## ПРОГРАМА
## за финансирање проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во општина Гевгелија во 2020 година

**1.Цели**

Основна цел на оваа Програма е поддршка на културните и другите активности организирани од месните заедници во населените места. Одржувањето на културните и другите активности во населените места е од посебно значење за животот и работата на граѓаните во срединиве каде што живеат.

Месните заедници, како облици на месна самоуправа, се грижат за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

**2.Активности**

Во 2020 година Општина Гевгелија ќе ги поддржи следниве активности на месните заедници, и тоа:

(ПРИЛОГ :ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ)

Список на поднесени пријави за Предлог програма за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во општина Гевгелија во 2020 година

| Ред. Бр. | Предлагач на проектот | Име на програмската активност | Вкупно планирани трошоци/ Побарани средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година | Одобрени средства за ПРОГРАМА 2020 година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Месна заедница "Смоквица" - с.Смоквица | Празнување на панаѓур за Митровден | 40.000 / 40.000 ден. | 30.000 ден. |
| 2 | Месна заедница "Моин" - с.Моин | Водици 2020,празнување на панаѓур во с.Моин; Моинска вечер; 11-ти Октомври | 248.000 / 128.000 ден. | 40.000 ден. |
| 3 | Месна заедница "Габрово" - с.Габрово | Празнување на панаѓур во с.Габрово; Митровден | 70.000 / 40.000 ден. | 20.000 ден. |
| 4 | Месна заедница "Прдејци" - с.Прдејци | Коледарски хепенинг, Свети Трифун, панаѓурски дружења, 11-ти Октомври,Прдејчка вечер | 60.000 / 60.000 ден. | 40.000 ден. |
| 5 | Месна заедница "Ума" - с.Ума | Коледарски ден, традиционален планински марш, селски панаѓур | 100.000 / 100.000 ден. | 30.000 ден. |
| 6 | Месна заедница "Богородица" - с.Богородица | Првомајски трки; панаѓурски смотри; новогодишен концерт | 107.000/40.000 ден. | 40.000 ден. |
| 7 | Месна заедница "Ново Конско" - с.Ново Конско | Празнување на панаѓур во с. Ново Конско,концерт на фолкорни групи | 80.000 / 50.000 ден. | 30.000 ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Месна заедница " Трајко Алчинов" - с. Старо Конско | Илинденски средби, прослава на панаѓур за Митровден | 98.000 / 40.000 ден. | 30.000 ден. |
| 9 | Месна заедница "Давидово" - с.Давидово | Прослава на Коледе и Василица; одбележување на празникот Св.Илија; прослава на "Мала Богородица" | 60.000 / 60.000 ден. | 30.000 ден. |
| 10 | Месна заедница "Серменин" - с.Серменин | Прослава на панаѓур на Илинден,прослава на Митровден,Серменинска вечер | 280.000 / 150.000 ден. | 30.000 ден. |
| 11 | Месна заедница "Мрзенци" - с.Мрзенци | Организирање на "Мрзенска вечер" | 150.000 / 70.000 ден. | 30.000 ден. |
| 12 | Месна заедница "Кованец" - с.Кованец | Прослава на Митровден, прослава на Ѓурѓовден,прослава на Стара нова година, | 190.000 / 150.000 ден. | 30.000 ден. |
| 13 | Месна заедница "Негорци" - с.Негорци | | | 50.000 ден. |
| 14 | Месна заедница "Миравци" - с.Миравци | | | 50.000 ден. |
| 15 | | Други активности | | 120.000 ден. |
| 16 | | ВКУПНО: | 1.483.000 / 928.000 ден. | 600.000 ден. |

**3.Финансирање**

Активностите утврдени со оваа Програма општината ќе ги поддржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година, Програма Д-Градоначалник, Потпрограма Д1.

**4**. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-233/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2020 година

**1.Цели**

Основни цели на оваа Програма за поддршка на активностите на НВО секторот во 2020 година се:

- создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи,
-давање поддршка на проекти со коишто ќе се задоволуваат потребите на поголеми групи на граѓани,
- афирмација на општината во развивање на соработка со НВО секторот.

**2.Активности**

Во 2020 година општината ќе ги поддржи следните активности на НВО секторот, и тоа:

| Список на поднесени пријави за Предлог програма за финансирање на проекти и активности на НВО во општина Гевгелија во 2020 година | | | |
|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Предлагач на проектот | Име на програмската активност | ПРОГРАМА 2020 |
| 1 | ЗГ „Смоквица“- Гевгелија | Смоквичка вечер, Курбан за слава | 10.000 |
| 2 | Здружение на пензионери на о. Гевгелија | Регионални спортски игри | 30.000 |
| 3 | ОО на Сојуз на здруженија на борците- Гевгелија | Програма за обележување на спортски настани | 50.000 |
| 4 | ЗГ Општински сојуз- Гевгелија | Организирање квиз натпревари | 10.000 |
| 5 | Здружение на слепи лица- Гевгелија | Дводневна екскурзија во Охрид | 10.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | Здружение на лица со телесен инвалидитет | Набавка на спортски реквизити | 10.000 |
| 7 | Хуманитарно здружение „Ристо Калеников“- Гевгелија | СРВ ФЕСТ- Гевгелија | 100.000 |
| 8 | Национална алијанса за лица со посебни потреби- Центар „Мајка Тереза“ | Работно оспособување на лица со посебни потреби | 150.000 |
| 9 | Асоцијација за пулмонална хипертензија „Момент плус“- Гевгелија | Кампања за подигање на свеста за постоењето на ПХ | 20.000 |
| 10 | ЗГ „Арка за сите“- Гевгелија | Организирање на хуманитарни акции | 10.000 |
| 11 | ЗГ Здружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија | Фестивал на локална храна и вино | 10.000 |
| 12 | Здружение Кинелошко друштво „Кожуф“- Гевгелија | Меѓународни изложби на сите раси кучиња | 30.000 |
| 13 | Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија | Програми за развој на локална демократија | 20.000 |
| 14 | Центар за едукација, култура и активизам „Мултус“- Гевгелија | Серија од обуки, летно кино | 10.000 |
| 15 | ЗГ за борба против рак „Елена Костадинова- за среќа“- Гевгелија | Театарска претстава, трибини | 20.000 |
| 16 | ЗГ „Нектар“- Гевгелија | Едукација за користење на пчелни производи | 10.000 |
| 17 | ЗГ „Македонска пчела“- Негорци | Обуки од 6 едукативни сесии | 10.000 |
| 18 | ЗГ на Власите на о. Гевгелија „Мегленија“- Гевгелија | 18 Влашка вечер, Национален ден на Власите, Влашка кујна | 20.000 |
| 19 | Радио-аматерски клуб „Никола Тесла“- Гевгелија | Радио-аматерски натпревари | 10.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | Фантоми | Поддршка на спортски клубови, Прослава 30 год. постоење | 50.000 |
| 21 | Владо Коциров | Општински културен медиум | 10.000 |
| 22 | Друштво за генетско истражување „Генем Дооел"-Гевгелија | Временска порта кон минатото | 10.000 |
| 23 | Други активности | | 90.000 |
| | **Вкупно:** | | **700.000 ден.** |

**3.Финансирање**

Активностите утврдени со оваа Програма општината ќе ги поддржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година, Програма Д-Градоначалник, Потпрограма ДО.

**4**. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-234/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и 11/05), член 11, алинеа 7 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19 и 275/19), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.1.2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За активностите во областа на социјална заштита во Општина Гевгелија за 2020 година**

## I. ВОВЕД

Согласно Законот за социјалната заштита, надлежноста на општините од областа на социјалната заштита се реализира со годишна програма за потрбите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Во програмата општината предвидува активности и финансиски средства за реализација на истите. Активностите се во насока на превземање на мерки за надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните во локалната заедница,

зголемување на достапноста на услугите и нивно креирање согласно со потребите на најзагрозените граѓани со цел:

- одржување на социјалната сигурност на граѓаните;
- спречување на социјалната исклученост;
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Програмата за социјална заштита овозможува финансиска поддршка на ранливи категории граѓани кои имаат потреба од помош, за да се надмине состојбата која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот или семејството.

## II. ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Со Програмата се предвидува активностите на Општина Гевгелија, во областа на социјалната заштита, да бидат насочни кон остварување на следните приоритетни цели:

1. Остварување на социјална заштита на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции, жртви на семејно насилство и трговија со луѓе,
2. Помош за новородено дете, лица изложени на социјален ризик, семејства погодени од елементарни непогоди,
3. Подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните и унапредување на социјалната заштита.

### ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 1

**Остварување на социјална заштита на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции, жртви на семејно насилство и трговија со луѓе.**

### АКТИВНОСТИ

- Едукативни работилници за лицата кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции,
- Едукативни работилници за информирање на младите и детектирање на облиците на семејно насилство,
- Едукативни работилници за информирање на младите и детектирање на облиците на трговија со луѓе,

Овие активности ќе бидат реализирани во соработка со невладиниот сектор од општината.

### ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 2

**Помош за новородено дете, лица изложени на социјален ризик, семејства погодени од елементарни непогоди**

## АКТИВНОСТИ

**1. Еднократна парична помош на новородено дете**

Општина Гевгелија ќе доделува еднократна парична помош за новородени деца, чии родители се со постојано живеалиште во Општина Гевгелија, и тоа во износ од 6.000,00 денари за новородено дете и 12.000,00 денари за тре满родено дете и секое наредно новородено дете.

Барателот е потребно со барањето за доделување на еднократна парична помош да достави:

- лична карта на родителите,
- извод од матична книга на родените (за новороденчето, за трето дете-извод за сите три деца)
- број на трансакциска сметка.

На овој начин освен што се помагаат семејствата со принови и се поттикнува наталитетот, општината ќе може да добие и евиденција за новородени деца во општината на годишно ниво, со што ќе се утврди и дали постои тренд на пораст или опаѓање на бројот на новородени деца во општината.

**2. Еднократна парична помош за физички лица**

Општина Гевгелија, ќе обезбеди финансиска помош на лицата корисници на права од областа на социјалната заштита.

Во оваа категорија ќе бидат земени во предвид и лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица неспособни за работа и лица со посебни потреби.

Составен дел на барањето за еднократна парична помош е медицинска документација со која барателот располага/записник од увид за претрпена штета/потврда од надлежна институција за социјалната положба.

**3. Субвенционирање на престојот на деца во ЈОУДГ Детска радост Гевгелија**

Оваа активност се однесува на деца кои потекнуваат од социјално загрозени домаќинства. Средствата ќе се исплаќаат врз основа на податоци кои месечно ќе ги доставува ЈОУДГ Детска радост Гевгелија.

**4. Доделување на новогодишни пакетчиња на деца кои потекнуваат од социјално загрозени домаќинства**

За децата – жители на Општина Гевгелија, кои потекнуваат од социјално загрозени домаќинства, општината секоја година доделува новогодишни пакетчиња.

Пакетчињата ќе се доделуваат претходно доставен список од Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа- Гевгелија, а кој ги опфаќа децата на возрасат до 14 години, кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

**5. Доделување на огревно дрво на социјално загрозени домаќинства**

Оваа активност се однесува на социјално загрозени домаќинства на подрачјето на општина Гевгелија. Дрвата за огрев ќе се доделат по претходно доставен список од Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа- Гевгелија.

**6. Доделување на „Велигденски пакет“ на лица кои се корисници на право на социјална парична помош**

Лицата кои се корисници на правото на социјална парична помош на подрачјето на општина Гевгелија, по претходно доставен список од Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа-Гевгелија, по повод велигденските празници, ќе добијат пакет.

**7. Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење**

Оваа активност се однесува на лица кои се корисници на гарантирана минимална помош и социјална пензија на подрачјето на општина Гевгелија.

Корисникот го остварува надоместокот по основ на субвенција на дел од месечната сметка за комунални услуги-испорака на вода за пиење, издадена од давателот на услуга-ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија, доколку:

-остварува право на гарантирана минимална помош и социјална пензија, согласно Законот за социјалната заштита,

-редовно ги плаќа сметките за потрошената вода,

-потрошувачката на вода не надминува повеќе од 20 м3 месечно.

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 3**

**Унапредување на социјалната заштита и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните.**

**1. Обезбедување на превоз на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби Гевгелија**

Обезбедување на превоз опфаќа бесплатен превоз на штитениците на Дневниот центар за лица со посебни потреби од нивните домови до центарот и обратно. Право на користење на превозот имаат и нивните придружници.

Превозот се организира по претходно спроведување на постапка согласно законот за јавни набавки, а врз основа на податоци добиени од центарот.

**2. Одбележување на новогодишните празници и меѓународниот ден на лица со посебни потреби**

Со цел одбележување на новогодишните празници и меѓународниот ден на лица со посебни потреби, градоначалникот на општината ги посетува центрите за лица со посебни потреби: Дневниот центар за лица со посебни потреби Гевгелија и Центарот Мајка Тереза Гевгелија.

На двете институции ќе им се доделат новогодишни пакети, школски прибор, дидактички материјал или техничка стока, во зависност од нивните потреби.

**3. Изградба на пристапни рампи за инвалидизирани лица во јавните општински установи**

Оваа активност ќе се реализира согласно Законот за градење и Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена.

**4. Доделување на стипендии на ученици**

Доделувањето на стипендии ќе се врши врз основа на барање кое, заедно со потврда за упис во училиште и потврда за месечните приходи на родителите (кои не

смеат да бидат повисоки од просечната плата), овие лица ќе го доставаат до општината.

**5. Имплементација на проекти на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување**

Општина Гевгелија спроведува два проекта во рамки на програмата Општинско корисна работа 2019/20, која има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено работно време, заради стекнување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд. Програмата, исто така, има за цел преку обезбедување на услуги од социјални сфера да помогне на лица кои живеат на територијата на локалната самоуправа.

Проектот „Отворена врата за социјална инклузија и градење подобра заедничка иднина“ се реализира заедно со општините Дојран и Богданци преку спогодба за меѓуопштинска соработка. Ангажирани се вкупно три невработени лица (два физиотерапевта и еден асистент на физиотерапевт) во Дневниот центар за лица со посебни потреби Гевгелија. Корисници се лицата кои го посетуваат центарот, со можност како корисници да се вклучат сите заинтересирани лица со попреченост.

Во рамки на проектот „Можности за сите“ ангажирани се пет лица, од кои три во Дневниот центар за лица за посебни потреби (еден социјален работник и два негуватели), едно лице како личен асистент на дете со пореченост и едно лице како образовен асистент на дете со попреченост.

**III. БУЏЕТ**

Активностите предвидени со оваа програма ќе се реализираат со средства предвидени во Буџетот на Општина Гевгелија 2020 година, а во вкупен износ од **3.000.000,00** денари и донации.

**IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на Општина Гевгелија.

Бр.09-235/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на членовите 89 и 123 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год. ), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2020 година, расправајќи по Предлог-Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Гевгелија за 2019 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Гевгелија за 2019 година.

2. Се задолжуваат надлежните служби од општина Гевгелија еден примерок од Годишниот извештај, по усвојувањето, да доставаат до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-236/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 26 од Статутот на општинаГевгелија, („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), а во врска со член 20-б став (1) алинеа 3 и став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.24/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.01.2020 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
## за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на општина Гевгелија за 2020 година

**Член 1**

Се дава согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на општина Гевгелија за 2020 година, изготвен и предложен од Градоначалникот на општина Гевгелија.

**Член 2**

Се обврзува Градоначалникот на општина Гевгелија, Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на општина Гевгелија за 2020 година, да ги достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-237/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18,198/18 и 143/19 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2020 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## За давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија за 2020 година

**Член 1**

Се дава согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" -

Гевгелија за 2020 година, предложени од директорот на јавното претпријатие под бр.01-48/1 од 10.01.2020 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-238/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 11 став (1) точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18и 02/19год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ( "Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2020 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**За давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија за 2018 година, бр.02-1073/5 од 16.07.2018 година**

1.**Се дава согласност** на Одлуката за измена на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија за 2018 година бр.02-1073/5 од 16.07.2018 година, донесена и предложена од Управниот одбор на Јавното претпријатие под бр.02-106/2 од 20.01.2020 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-239/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 год.), член 7 став (2) алинеја 8 и став (3) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на Република Македонија" бр.169/15, 226/15 и 55/16 год.) и член 84 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

**за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на град Гевгелија**

**I.Општи одредби**

**Член 1**

Со оваа одлука се дефинираат условите за доставување (истоварање/ товарање) на стока од моторните возила на јавните површини, начинот и времето на вршење на истоварање и товарање на стоката како и органите кои го одобруваат времето на движење, запирање и паркирање на возилата за истоварање и товарање на стока и надзор над спроведувањето на одредбите од оваа одлука.

**Член 2**

Под јавни површини утврдени во член 1 на оваа Одлука се подразбираат: улици, тротоари, пешачки зони, пешачки и велосипедски патеки, плоштади и останати сообраќајни површини.

Јавните површини од став 1 на овој член се поделени во две зони и тоа:
- централно градско подрачје;
- вонцентрално градско подрачје;

**Член 3**

Одредбите од оваа одлука не се применуваат за правните и физичките лица:

- кои имаат обезбеден пристап до објектите каде што вршат дејност или други објекти, а кои не го попречуваат сообраќајот на пешаците и возилата;
- За возилата кои вршат истоварање и товарање на стока и кои можат да користат паркинг место, доколку габаритот на возилото одговара на површината на обезбеденото паркинг место од страна на субјектот каде се врши дотур на стока.

**II Утврдување на зони и временска рамка**

**Член 4**

1) Зоната во централно градско подрачје е подрачје на кое е забрането запирање и паркирање освен запирање и паркирање на возилата заради доставување (истоварање и товарање) на стока. Централно градско подрачје е опфатено со следниве улици:

- ул. „Булевар Гевгелија“ (од влезот во град Гевгелија до крстосница со ул. "7-ми Ноември")
- ул. „7 Ноември“ (од крстосница со "Булевар Гевгелија" до почеток на ул. "7-ми Ноември")
- ул. „ Димитар Влахов“
- ул. „Ристо Фаршинин“
- ул. „Мирче Ацев“
- ул. „Таља Бикова“
- ул. „С.М. Данко“
- ул. „Борис Кидрич“

2) Зоната вон централно градско подрачје ги опфаќа сите улици надвор од потесното (централно) градско подрачје, на кое е забрането запирање и паркирање освен за запирање и паркирање на моторни возила со одобрение за доставување

на стока, а се наоѓаат во градежниот опфат утврден со ГУП на град Гевгелија.

**Член 5**

1) Возилата за доставување на стока на подрачјето на град Гевгелија може да запираат и паркираат додека трае процесот на истоварање и товарање, но не подолго од 30 минути.

2) Во зоната во централно градско подрачје утврдено со член 4 став (1), возилата за доставување на стока можат да вршат запирање и паркирање заради доставување на стока секој ден во временскиот период од 23:00-10:00 часот.

3) Во зоната вонцентрално градско подрачје утврдено со член 4 став (2), возилата за доставување на стока можат да вршат запирање и паркирање заради доставување на стока секој ден во временскиот период од 23:00-10:00 часот и 16:00-19:00 часот.

**Член 6**

Максималната дозволена вкупна маса на возилата кои вршат доставување на стока на подрачјето на град Гевгелија во сите зони изнесува **12 тони.**

**Член 7**

Доставувањето на стока може да се реализира доколку со тоа не се загрози безбедноста на сообраќајот на пешаците и возилата, а одговорноста е на товар на лицето кое поднело барање за одобрување на доставувањето на стока.

Стоката не смее да биде оставена на тротоар или на друга сообраќајна површина додека трае истоварање и товарање на истата. По завршувањето на истоварање и товарање возилото треба веднаш да се отстрани од јавната површина.

Истоварање и товарање на стока од моторно возила се врши по правило на коловоз со вклучување на сите покажувачи на правци за движење.

## III ОДОБРЕНИЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА СТОКА

**Член 8**

Општина Гевгелија издава одобрение за движење, запирање и паркирање на возила поради истоварање и товарање на стока на подрачјето на општината на барање на правни односно физички лица.

Одобрението од ставот 1 на овој член се издава со рок по барање на барателот, но не подолго од 1 (една) година.

Одобрението од ставот 1 на овој член содржи: назив на правното односно физичкото лице на кое се однесува одобрението, релацијата на движење за која се однесува одобрението, временски период во кој е дозволено доставувањето на стока, рок на важност на одобрението, регистарски број на возилото за доставување на стока за кое се однесува одобрението.

**Член 9**

За добивање на одобрение правните и физичките лица поднесуваат барање до архивата на Општина Гевгелија.

Барањето од став 1 на овој член содржи: назив на барателот, релацијата за која се однесува бараното одобрение, регистарски број, марка, тип, тежина на возилото и носивост на возилото за доставување на стока, период за кој би се издало одобрението и видот на стоката која се доставува.

Во прилог на барањето се доставуваат: доказ за платена административна такса, фотокопија од сообраќајна дозвола за возилото за доставување на стока (задолжителни документи), а доколку располага со некои од наведените документи (копија од фактура, договор за соработка, договор за закуп или имотен лист) да се доставaт во прилог со барањето.

## IV ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

Спроведувањето на оваа одлука ја врши Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај патишта, локален економски развој и информатичка технологија и Одделението за инспекциски надзор.

**Член 11**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија", а ќе се применува од 01.05.2020 година.

Бр.09-240/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 година), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2020 година, по расправата за Предлог-Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на град Гевгелија, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се задолжуваат органите на општина Гевгелија да ги информираат сите правни и физички субјекти од оваа Одлука навреме да ги направат контактите со оние коишто вршат каква било дејност, за да не се дојде до ситуација потоа сообраќајната полиција да превзема мерки и дејствија согласно Одлуката коишто би биле на штета на сопствениците, од причина што носењето на оваа Одлука не е некој да има штета, туку напротив тие да се организираат околу дотурот на стоката. Поради тоа, општината да ги превземе соодветните дејствија во овој временски период да бидат информирани сите и да можат да си превземаат одредени дејствија во делот на нивното работење.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-241/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), а во врска со

член 22 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 29.01.2020 година, разгледувајќи го предлогот од Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии-Гевгелија за изготвување на Стратегија за локален одржлив развој на општина Гевгелија за периодот 2021-2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување двајца координатори од редот на членовите на Советот на општина Гевгелија за изготвување Стратегија за локален одржлив развој на општина Гевгелија за периодот 2021-2026 година**

**Член 1**

За изготвување на Стратегијата за локален одржлив развој на општина Гевгелија за периодот 2021-2026 година, од редот на членовите на Советот на општина Гевгелија, се именуваат следниве двајца координатори:

**-Перо Стојанов**, и

**-Трајко Арџанлиев**.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-242/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Сл.весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, 101/19 и 275/19 год.), како и врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2020 год., донесе

**О Д Л У К А**

**За целосно и трајно отстапување на движен имот - товарно возило (камион) за собирање отпад сопственост на општина Гевгелија, на користење и одржување на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука, целосно и трајно се отстапува на користење и одржување специјалното товарно возило (камион) за собирање отпад, марка "FORD CARGO", тип 1833, број на шасија NM0KKXTP6KKJ98644, број на мотор KJ 98644, година на производство 2019 - сопственост на општина Гевгелија, на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.

**Член 2**

Специјалното товарно возило (камион) е сопственост на општина Гевгелија, добиено како донација од Заедницата на турските општини од Анкара во 2019 година.

**Член 3**

Специјалното товарно возило (камион) целосно и трајно се отстапува на користење и одржување на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, и тоа без надоместок.

**Член 4**

Градоначалникот на општина Гевгелија ќе склучи Договор со директорот на ЈПКД "Комуналец" – Гевгелија со којшто се уредуваат правата и обврските за движниот имот од член 1 на оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува на сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-243/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 32 и член 133 став (2) од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2020 година, расправајќи по барањето на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за користење на зградата на Народниот театар од Гевгелија, донесе:

## О Д Л У К А
## За давање на времено користење на недвижна ствар - објект во сопственост на Општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува давањето на времено користење на објектот – Народен театар во сопственост на општина Гевгелија на Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија"-Гевгелија, и се пропишуваат условите и начинот на негово користење.

**Член 2**

Народниот театар во Гевгелија е во сопственост на општина Гевгелија, со намена В3-10 – други објекти од културата, со вкупна внатрешна површина од 1118 m2, се наоѓа на КП бр.4971/1, запишан во имотен лист бр.19000 КО Гевгелија.

**Член 3**

Корисникот од членот 1 на оваа Одлука ќе се обврзе да располага со целокупниот објект заради вршење на неговата основна дејност – одржување на културни манифестации.

**Член 4**

Објектот во сопственост на општина Гевгелија се дава на времено користење во период од 10 (десет) години, без надоместок од корисникот.

**Член 5**

За начинот и условите на користење на објектот, општина Гевгелија како сопственик и времениот корисник ќе склучат посебен договор.

**Член 6**

Договорот од име на општината се обврзува да го потпише Градоначалникот на општина Гевгелија, по усвојувањето на Одлуката од Советот на општина Гевгелија.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-244/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 166-з од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 година, и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19 и 275/19 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), а во врска со Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца од 2020 година под бр.44-110/1 од 14.01.2020 година, Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2020 година**

**Член 1**

Максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Бр.09-245/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 4 став (1) од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10, 136/11, 163/13 и 147/15 год.) и член 38 став (1) точка 44 од

Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување име на спортско игралиште во Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува име на спортското игралиште коешто се наоѓа на ул."7-ми Ноември" во Гевгелија, непосредно до просториите на Територијалната противпожарна единица-Гевгелија.

**Член 2**

Спортското игралиште е во сопственост на општина Гевгелија, се наоѓа на КП бр.2373 КО Гевгелија со внатрешна површина од 330 м2 и со намена Д3-8 - отворени спортски игралишта, сето тоа опишано во имотен лист бр.103570 КО Гевгелија.

**Член 3**

Името на ова спортско игралиште ќе гласи::
**- Спортско игралиште " Елена Костадинова" - Гевгелија.**

**Член 4**

Спортското игралиште ќе се користи исклучиво за спортско-рекреативни активности од физички и правни лица.

**Член 5**

Се задолжува општина Гевгелија да обезбеди табла со натпис: Спортско игралиште "Елена Костадинова" – Гевгелија, како и да се грижи за тековното одржување на спортското игралиште.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-246/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18год. и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20 год.), член 59-д став (1) од Законот за средно образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на општина Гевгелија ( "Службен гласник на општина

Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 29.01.2020 година утврди

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Измените и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2020 година на СОУ "Јосиф Јосифовски" –Гевгелија**

**Член 1**

Се дава согласност на Измените и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2020 год. на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, подготвени и доставени од средното општинско училиште под бр.01-48/1 од 16.01.2020 год.

**Член 2**

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-247/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 42 од Законот за средно образование ( "Службен весник на РМ" бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018год.), и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 29.01.2020 година утврди:

**П Л А Н**
**за запишување на ученици во I-ва година средно образование во СОУ"Јосиф Јосифовски"-Гевгелија во 2020/2021 год.**

Во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, во учебната 2020/2021 година, во прва година се планира да се запишат вкупно 374 ученици; распоредени во 11 паралелки,

- во настава на македонски јазик вкупно 374 ученици распределени во 11, паралелки;
- во настава на албански јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;
- во настава на турски јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;
- во настава на српски јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;

**1. УЧИЛИШТЕ**

Име на училиштето Средно Општинско Училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија

***Гимназиско образование***

Во прва година се планира да се запишат 170 ученици, во 5 паралелки.

- во настава на македонски јазик.................................170 ученици, во 5 паралелки;
- во настава на албански јазик........................................... / ученици, во / паралелки;
- во настава на турски јазик............................................... / ученици, во / паралелки;
- во настава на српски јазик................................................/ ученици, во / паралелки.

***Стручно образование***

Во прва година се планира да се запишат 204 ученици, во 6 паралелки.

| Струка | Профил | Ученици | | | | Паралелки | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Мак. јаз. | Алб .јаз | Тур .јаз | вкупно | Мак .јаз. | Алб .јаз | Тур .јаз | вкупно |
| угостителско - туристичка | хотелско-туристички техничар IV степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| угостителско - туристичка | готвач III степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| угостителско - туристичка | келнер III степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| Економско правна и трговска | економски техничар IV степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| машинска | Машински техничар за моторни возила IV степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| машинска | Автомеханичар/ заварувач III степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |

Бр.09-248/1
29.01.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 26, а во врска со член 19 од Законот за експропријација ("Службен весник на Република Македонија" бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 год.) и член 38 став (1) алинеа 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.12.2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**за обезбедени средства во буџетот на општина Гевгелија наменети за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува обезбедување на средства за надоместок за 2020 година за експропријација на недвижен имот што би бил опфатен при изградба на комунална инфраструктура во општина Гевгелија (општински патишта, улици, водовод, канализација) и други објекти од јавен интерес од локално значење во градот и населените места во општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои се или ќе се донесат Урбанистички планови вон населено место.

**Член 2**

Изградбата на комуналната инфраструктура и други објекти од јавен интерес во општина Гевгелија е предвидена во Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година и Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2020 година.

**Член 3**

Надоместокот за експроприраната недвижност ќе се врши во парични средства во висина на пазарната вредност на експроприраната недвижност или со давање (размена) на друга недвижност соодветна на експроприраната недвижност.

**Член 4**

Средствата за надоместокот за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење се обезбедени во Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година, програма ФА Потпрограма ФА0 – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци).

За надоместокот од претходниот став на овој член се определени средства во износ од 3.500.000,00 (три милиони и петстотини илјади) денари.

**Член 5**

Надоместокот за експропријација со давање на друга соодветна недвижност доколку е можно ќе се врши со земјиште со кое располага општина Гевгелија.

**Член 6**

Надоместокот за експропријација од членовите 3 и 5 на оваа Одлука ќе се врши врз основа на постигната спогодба за надоместок помеѓу општина Гевгелија и сопственикот на недвижноста односно правосилно судско решение за определување на надомест.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-2222/1
27.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

# СОДРЖИНА

1.Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Гевгелија ........................................................ 1
2.Решение за верификација на мандат на член на Советот на општина Гевгелија ........................................................ 1
3.Програма за финансирање на програми и проекти од област на културата од интерес на општина Гевгелија за 2020 година ........................................................ 2
4.Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2020 година ........................................................ 7
5.Програма за финансирање проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во општина Гевгелија во 2020 година ........................................................ 12
6.Програма за финансиска поддрШка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2020 година ........................................................ 15
7.Програма за активностите во областа на социјална заштита во општина Гевгелија за 2020 година ........................................................ 17
8.Заклучок по Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Гевгелија за 2019 година ........ 21
9.Одлука за давање согласност на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на општина Гевгелија за 2020 година ........................................................ 22
10.Решение за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2020 година ........................................................ 22
11.Решение за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2018 година ........................................................ 23
12.Одлука за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на град Гевгелија ........................................................ 23
13.Заклучок по Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на град Гевгелија ........................................................ 26
14.Решение за именување двајца координатори од редот на членовите на Советот на општина Гевгелија за изготвување Стратегија за локален одржлив развој на општина Гевгелија за периодот 2021-2026 година ........................................................ 27
15.Одлука за целосно и трајно отстапување на движен имот - товарно возило (камион) за собирање отпад сопственост на општина Гевгелија, на користење и одржување на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ........................................................ 27
16.Одлука за давање на времено користење на недвижна ствар - објект во сопственост на општина Гевгелија ........................................................ 28
17.Одлука за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУ ДГ "Детска радост" Гевгелија за 2020 година ........................................................ 29
18.Одлука за определување име на спортско игралиште во Гевгелија ................ 30
19.Решение за давање согласност на Измените и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2020 година на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија ................ 31
20.План за запишување на ученици во 1-ва година средно образование во СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија во 2020/2021 година ........................................................ 31
21.Одлука за обезбедени средства во буџетот на општина Гевгелија наменети за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на објкти од јавен интерес од локално значење ........................................................ 32

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија